Друштво за обезбедување на имот и лица
СЕКЈУРИТИ-М К -АГЕНСИ
увоз-извоз ДОО
Бр 14/20 20 год
Прилеп
30-01-2020

Јавно претпријатие за берзанско работење
Ndërmarja Publike për shkëmbim të mallrave
АГРО- БЕРЗА AGRO-BURSA
Бр.-Nr. 15293/32/2019
30 01 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

# ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Склучен на ден --.01.2020 година помеѓу:

1. Друштво за обезбедување на имот и лица СЕКЈУРИТИ-М.К.-АГЕНСИ увоз - извоз ДОО Прилеп, со седиште на ул. 11Октомври бр.1 Прилеп, ЕМБС:5747333, застапувано од управител Златко Миткоски (во понатамошниот текст: Давател на услуги)
   и
2. Јавно претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бб Скопје, ЕМБС:4417356, застапувано од директорот Ниметула Рамадани ( во понатамошниот текст: Корисник на услугите)

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка на услуга: **<u>“Обезбедување на објект Силоси за жито Прилеп“</u>** за потребите на ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЕРЗАНСКО РАБОТЕЊЕ “АГРО-БЕРЗА“-Скопје за 2020 година. Објектот е лоциран на ул Кичевско џаде бб Прилеп.

Со овој договор се регулираат односите кои настануваат при процесот на реализирање на предметот на договорот за јавна набавка, како и вршењето на услугите меѓу Давателот и Корисникот на услугите.

Услугите ќе се извршуваат согласно огласот за поедноставена отворена постапка со објавување на оглас бр. 15293 службено од 25.12.2019 година од Договорниот орган за доставување на понуди за набавка на услуга.

## II. ОПИС НА УСЛУГИТЕ

**Член 2**

Предмет на овој договор се следниве услуги : **“Обезбедување на објект Силоси за жито Прилеп“**. Заради заштита и превенција од:

- Провални кражби,
- Контрола на објектот кој е предмет на обезбедување,
- Други опасности чие настанување може да се спречи со превземање на превентивни мерки,
- Контрола на пристап на неповикани и неовластени лица

Член 3

Лицата кои ќе ги обезбедуваат објектите мора да бидат задолжително лиценцирани. Тие ќе го обезбедуваат објектот Силоси за жито во Прилеп. Обезбедувањето на објектот Силоси за жито Прилеп ќе се врши од 16.00 – 08.00 часот наредниот ден, со по еден работник за физичко обезбедување

секој работен ден. А во неработните денови (викенди и празници) обезбедувањето ќе се врши 24 часа. Лицата кои ќе ги обезбедуваат објектите треба да бидат задолжително униформирани со соодветни ознаки и опрема. Лицата задолжени за обезбедување на објектот Силоси за жито Прилеп мораат да вршат постојана контрола во објектите како и околу објектите. Агенцијата за обезбедување на објектите треба да има патроли, кои ќе прават обиколки во текот на ноќта околу објектот Силоси за жито Прилеп. Работникот за обезбедување е обврзан да постапува согласно овластувањата кои произлегуваат од Законот за приватно обезбедување како и посебните барања и потреби на корисникот на услугите кои се зададени во техничката спецификација на јавна набавка.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

### Член 4

Давателот на услуги односно лицата ангажирани од него се должни навремено и доследно да ги извршуваат обврските предвидени во овој договор и техничката спецификација од јавната набавка, а согласно законот за приватно обезбедување и во интерес на барањата и потребите на корисникот на услугите.

### Член 5

Давателот на услугите се обврзува за времетраење на овој договор да обезбеди целосна доверливост, интегритет и заштита на личните податоци согласно закон.

### Член 6

Давателот на услугите се обврзува секој месец да изготвува извештај за извршени услуги во текот на изминатиот месец, потпишан од страна на одговорното лице, и истиот да го приложи кон фактурата за плаќање.

### Член 7

Корисникот на услугите е должен за потребите на давателот на улугите да обезбеди:

- Пристап за работникот поставен од давателот на услугите на позиција за физичко обезбедување,
- Информации потребни за нормално извршување на предвидените задачии од доменот на физичко обезбедување
- Информации кои се важни за целеобразно обезбедување и контрола на извршувањетоо на договорните услуги.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 8

Вкупната цена на услугата изнесува 635.000,00 денари и ДДВ износ од 18% за период од една година.

За користење на услугите од овој договор, корисникот на услугите е должен да му исплаќа на давателот на услугите, а според доставена фактура, паричен износ од 52.917,00 денари месечно и ДДВ износ од 18%. Плаќањето ќе се врши со валута по 30 дена по достава на фактурата во архивата на корисникот на услугите. Не се предвидува корекција на цената.

## V. ВРЕМЕНСКА РАМКА НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една) година од денот на извршување на услугата - предмет на договорот.

Денот на отпочнување на услугата, предмет на овој договор започнува од 01.04.2020 година.

Со цел да се овозможи конзистентност на квалитетот, како и целосно навремено извршување на услугата - предмет на договорот од страна на Давателот на услугите, континуирано ќе се врши оценка за исполнување на обврските по договорот. Доколку во оценката се констатираат незадоволителни резултати, Корисникот на услугите има право да побара раскинување на договорот и пред рокот утврден во став 1 од овој член, без право на надомест.

**Член 10**

Корисникот на услугите може да го раскине договорот пред истекот на рокот утврден во член 9 став 1 од овој договор во случај на несовесно и ненавремено извршување на обврските предвидени со договорот од страна на Понудувачот, без право на надомест.

## VI. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 11**

При изготвувањето на фактурата, понудувачот е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број
- број и датум на Договорот
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- валута на плаќање.

## VII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 12**

Корисникот на услугите се обврзува плаќањето на Давателот на услугите да го врши вирмански, во законски предвиден рок од денот на доставување на фактура во архивата на Договорниот орган, на сметка и банка назначени

во самата фактура.

## VIII. ВИША СИЛА

**Член 13**

Корисникот и Давателот на услугите се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## IX. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 14**

Давателот на услуги е должен на Корисникот на услуги да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на предметот на набавката согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 15**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

**Член 16**

Доколку не се најде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## XI. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 17**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## XII. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 18**

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**XIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 19**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија

**XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 20**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

**Член 21**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) за Корисникот на услугите и 2 (два) за Давателот на услугите.

**Давател на услугите,**

_________________

**Управител,**

_________________

**Корисник на услугите,**
**ЈП АГРО БЕРЗА Скопје**
**Директор,**

_________________

**Прилог:** Понудбена документација